

минијатури

# МОМЧИЛО АВРАМОВСКИ



Момчило Аврамовски е роден 1935 во Куманово. Основите на ликовното образование ги стекнува во Училиштето за применета уметност во Скопје (вајарство кај професорите Димче Тодоровски и Јордан Грабул; сликарство кај проф. Душко Стојановски), Вишата педагошка школа (сликарство кај проф.Ванчо Георгиев и вајарство кај проф.Љупчо Стефановски) и ФЛУ - Скопје (сликарство кај професорот Ристо Калчев). Неговата ликовна едукација продолжува и со неколку студиски престои во Дизелдорф - Германија (1975-78); Ротердам - Холандија како и учество на неколку конгреси за ликовна култура во Париз (ИНСЕА), Будимпешта, Загреб ...

Своето прво претставување пред пошироката јавност го има на групната изложба на ДЛУК во 1958. Оттогаш до ден денеска, тој е активен на македонската ликовна сцена презентирајќи ги своите дела во рамките на групна или самостојна изложба, како учесник на ликовна колонија или на некој заеднички уметнички проект. Својата прва самостојна изложба ја реализира во далечната 1962 за да ја продолжи оваа практика на самостојно претставување во период од секои две до три години. Со дваесеттина самостојни изложби и учество на преку сто групни изложби, проекти и колонии, Аврамовски постојано добива понуди за учества во Шпанија, Полска, Обединетите Арапски Емирати, Италија.... Член е на ДЛУМ од 1968. Активно учествува на сите изложби коишто ги организира ова друштво, а во еден период беше и дел од потесното раководство.

Покрај партиципацијата во активностите на ликовната сцена како автор, како активен член на ликовни друштва (ДЛУК и ДЛУМ) и организатор на ликовниот живот, Аврамовски даде огромен придонес и во областа на ликовната педагогија и култура преку повеќедецениското работење како професор по ликовна уметност. За својата работа како ликовен уметник и ликовен педагог има добиено многу награди и признанија од локален и меѓународен ранг при што посебно му е драго признанието "Особено истакнат педагошки работник" доделено од Републичкиот завод за просвета на Република Македонија.

Во 2008 во Куманово, со голема ретроспективна изложба беше одбележана 50-годишнината од работата на овој плоден автор, а истата изложба беше презентирана и во повеќе галериски центри во Република Македонија.










“Волшебна појава“ комб. тех.



“Портрет во размисла“ комб. тех.



“Просторни движења“ комб. тех.



“Полно гнездо“ комб. тех.



“Столб на хероитеа“ линорез



“Случаен собир“ туш



“Автопортрет 1978“ туш



“Невеста“ линорез

Изразувањето на мал простор отсекогаш претставувал голем предизвик за ликовните уметници пред сè заради начинот на решавање на проблемот којшто би се дефинирал како потреба од прецизна идејно-концепциска поставеност и перфектна занаетска изведба со што би се надминал хендикепот на малите димензии и делото, притоа, јасно би ја рефлектирало интенцијата на авторот без разлика на местото на поставување на истото. Во минијатурите на М. Аврамовски не само што не се забележува недостаток од простор туку и самиот пристап на авторот говори дека за добра идеја и изведба големината на просторот каде што ќе биде реализирано делото е ирелевантен. До доаѓање до ваков резултат потребно е многу време и труд, впрочем, тоа се потврдува и со самиот ангажман на авторот, академскиот сликар Момчило Аврамовски, кој повеќе од педесет години континуирано работи на оваа проблематика, споделувајќи ги своите остварувања со пошироката публика. Во своето богато портфолио на презентирање во земјата и странство, Аврамовски ќе запише и една изложба на минијатури којашто во себе ќе вклучи дела работени во еден поголем временски период (1999-2012).

Оваа изложба на минијатури може да се смета како еден мал пресек на неговото севкупно творештво бидејќи ја изразува неговата основна сликарска мисла и техничка супериорност. Делата се работени во повеќе техники (туш, масло, линорез, комбинирани техники) што говори за широк дијапазон на интерес на авторот во изведбена но и во концепциска смисла. Цртежите работени во комбинирана техника се движат во насока од фигуративно-асоцијативното до апстрактно-експресивното решавање на просторот, сложено структуирани, со нагласен цртеж и колорит којшто е во функција на потенцирање на истиот, во линорезите се чувствува јасната порака на стилизираните ликови, но, и во некои од нив, пост-кубистичкиот начин на размислување, а маслата се изработени во апстрактно-експресивен манир на колоритот, микрокосмички простори со специфична ликовна поетика и композициона поставеност карактеристична за овој автор. Се надеваме дека претставувањето на ова творештво на Момчило Аврамовски пред пошироката јавност ќе предизвика интерес и воено ќе ја збогати понудата на македонската ликовна сцена во делот на минијатурата.

Роберт Цветковски, историчар на уметноста



*издавач: Национална установа - Центар за култура "Трајко Прокопиев" - Куманово*
*за издавачот: Роберт Павлевски*
*текст и фотографии: Роберт Цветковски*
*организација: Роберт Цветковски и м-р Зоран Арсовски*
*дизајн и компјутерска подготовка: Страшо Арсовски*
*печати: "Киме-Граф" Куманово, тираж: 400*



*Проектот е финансиран од Министерство за култура на Република Македонија*